РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
Су04.бр.2/24-3
05.02.2024 година
Кичево

Претседателот на Основен суд Кичево Флутурије Дервиши, врз основа на чл.18 ст.6 од Законот за судска служба и чл.23 ст.4 од Законот за работни односи, а во врска со објавениот Јавен оглас бр.1/24 за вработување на Судски службеници на определено работно време, на ден 05.02.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За избор на Судски службеници

По јавен оглас бр.1/24 за вработување на Судски службеници на определено време, до 31.12.2024 година се избираат:

- за работно место бр.1 Судски референт- дактилограф 4 (четири) извршители:

1.Наташа Јованоска од Кичево
2.Слаѓана Џикоска од Кичево
3.Виолета Илиоска од Кичево
4.Снежана Мицкоска од Кичево

-за работно место бр.2 Помлад судски референт- доставувач 1 (еден) извршител:

1.Тархан Туфекџиоски од Кичево

-за работно место бр.3 Помлад судски референт- извршител во писарница 4 (четири) извршители:

1. Билјана Крстеска од Кичево
2. Самије Рамадани с.Грешница
3.Мирјета Алиу од Кичево
4.Снежана Стојкоска од Кичево

-за работно место бр.4 Курир 1 (еден) извршител

1.Зоран Србиноски од Кичево

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Кичево објавен е Јавен оглас бр.1/24 на Веб страната на судот и во Дневните весници „Нова Македонија„ и „Лајм„ за вработување на определено работно време на Судски службеници и тоа, четири извршители за работно место Судски референт – дактилограф, еден извршител за работно место Помлад судски референт- доставувач, четири извршители за работно место Помлад судски референт-извршител во писарница и 1 извршител за работно место Курир, за период до 31.12.2024 година.

По истекот на рокот за поднесување на пријави, Комисијата изврши проверка на документацијата и до Претседателот на судот достави Записник со предлог одлука за избор за работните места по објавениот оглас.

Имајќи ги во предвид поднесените документи Претседателот на судот врз основа на чл.18 ст..6 од Законот за судска служба и чл.23 ст. 4 од Законот за работни односи, следуваше да одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател на судот
Fluturije Dervishi